Врз основа на договорот за спроведување на Проектот за поддршка на планот за управување со Национален парк Пелистер, од 19-ти јануари 2007 година, помеѓу Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) и Јавна установа Национален парк Пелистер – Битола, Јавната установа Национален парк Пелистер – Битола донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

Член 1

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за спроведување на проекти и други активности од областа на одржливиот развој на локалните заедници на Национален парк Пелистер за 2007 година, обезбедени согласно Анекс 1 и Анекс 2 од договорот за спроведување на Проектот за поддршка на планот за управување со Национален парк Пелистер во висина од 765.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа Програма се распоредени за следните намени:

1) Спроведување на проекти и активности за подобрување на комуналната инфраструктура во износ од 300.000,00 денари.

2) Спроведување на проекти и активности за одржливо искористување на споредни шумски производи во Национален парк Пелистер во износ од 225.000,00 денари.

3) Спроведување на проекти и активности за развој на алтернативните форми на туризам во износ од 240.000,00 денари.

Член 3

Правни, физички лица, непрофитни и невладини организации може да користат средства за намените од точка еден 1) до три 3) од член два од оваа програма доколку се регистрирани со седиште, односно место на живеење во едно од следниве населени места: Нижеполе, Дихово, Трново, Магарево, Ротино, Цапари, Кажани, Маловишта или Брајчино.

Член 4

Со средствата од Програмата можат да бидат финансирани сите трошоци за спроведување на проекти и активности од областа на одржливиот развој, освен:

1) Закуп на земјиште.

2) Закуп на постојни згради.

3) Трошоци направени пред 1-ви јули 2007 година.

4) Трошоци за подготовка на Формуларот за пријавување за добивање средства од Програмата.

5) Општи и административни трошоци на подносителот.

6) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци.

7) Законските обврски, казни и пенали.

8) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или корисниците, односно за пробното тестирање.

Член 5

Исплатата на средствата на корисникот се врши на начин согласно договорот за спроведување на Проектот за поддршка на планот за управување со Национален парк Пелистер, меѓу Швајцарска агенција за развој и соработка и Јавна установа Национален парк Пелистер – Битола.

Член 6

Изборот на проектите и активностите кои ќе бидат финансирани од Програмата го врши Комисијата за јавни набавки при Проектот за поддршка на планот за управување со Национален парк Пелистер.

Член 7

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-37
10 мај 2007 година
Скопје

Директор,
**Славко Дамески**, с.р.